МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС>> 20 ГОДИНИ

www.mcms.mk

mcms.mk mcmsmcic

mcms_mk mcms_mk

## 1993 - ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЦМС

Инспиративната приказна за МЦМС започнува во 1993 година, по осамостојувањето на Македонија. МЦМС е потфат на домашни мировни и граѓански иницијативи, поддржани од Холандската меѓуцрковна помош (ХМП). Основан е на 14 декември 1993 г. Целите беа промоција на мирот, организирање на граѓанското општество и помош на оние кои имаат потреба.



## ОСНОВНА ПОМОШ 1994



МЦМС растеше и јакнеше благодарејќи на знаењето и вештината што му ги пренесоа ХМП и Херт Јан ван Апелдорн. Се спроведоа првите проекти за водоснабдување, основна помош и рехабилитација на сушните региони, помош за лицата со хендикеп. Беа поддржани активности на граѓански организации.

## 1995 РЕХАБИЛИТАЦИЈА И РАЗВОЈ

Година на почеток на консолидација и градење одржлива програма. Најголемиот број проекти беа насочени кон развојот на селата преку активности за водоснабдување и санитација, образование, генерирање приходи и комуникации во повеќе општини.



## ВОДАТА Е НАЈВАЖНА 1996



МЦМС ги поддржуваше развојните иницијативи на село. Излезе првиот број на НВО Билтенот и на Адресарот на НВО во Македонија. Се организираа првите обуки за раководење со проектен циклус. МЦМС се пресели во своето сегашно седиште.

## 1997 РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Заминува ХМП од Македонија и МЦМС го загуби Херт Јан ван Апелдорн, без кои МЦМС немаше да биде она што е денес. МЦМС ги продолжува активностите за развој на локалните заедници. Со младински и студентски организации од различни етнички социјални групи и подмладоци на политички партии се организира Младинската летна школа за дијалог.



## НАГРАДА ОД ЕУ И САД и МРФП 1998



1998 година на МЦМС му ја донесе најголемата награда, Наградата за демократија и граѓанско општество, доделена од САД и ЕУ. МЦМС ја основа Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) како дел од напорите за поголемо влијание во секторот на МСП и вработување. Законот за здруженија на граѓани и фондации е прв успешен пример за лобирање и застапување.

## 1999 ПРИБЕЖИШТЕ МАКЕДОНИЈА

Косовската криза го наведе МЦМС целосно да се посвети на обезбедување прибежиште на бегалците на граничните премини, во бегалските кампови и во семејствата, во соработка со 21 организација. Во духот на добрососедството, МЦМС го прави првиот чекор надвор од Македонија со програма за обновување на Косово. МЦМС ја започна својата прва голема кампања - „Цело е кога има сè“.



## ЦЕЛО Е КОГА ИМА СÈ 2000




Од 2000 г. МЦМС се врати на своите домашни фокуси. Се интензивираше кампањата „Цело е кога има сè“. Заедно со осум женски НВО го стартува билтенот „Перспективи“. МЦМС ја промовираше тространата соработка меѓу мали и средни претпријатија од Грција, Германија и Македонија - поврзување на претпријатијата Скопје-Солун.

## 2001 СПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТОТ

МЦМС одговори на кризата и вложи многу напори за одржување на отворениот дијалог. Прв организира хуманитарна помош и прв ги започна активностите за реконструкција на живеалиштата. И покрај кризата, МЦМС ги промовираше списанието за граѓанско општество „Граѓански свет“, првиот „НВО Саем“ и наградите за граѓанско општество и одржлив развој.



## ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЛАДИТЕ РОМИ 2002



Во соработка со локални здруженија започнаа активности за образование на младите Роми во 15 заедници. Издаден е првиот Адресар на единиците на локална самоуправа. Во Охрид се одржа првиот состанок за поттикнување на соработката меѓу граѓанските организации на Балканот, што подоцна ќе прерасне во Балканската мрежа за развој на граѓанското општество.